Програма за Специјализацијаза семејна медицина

Специјализација за семејна медицина е дизајнирана така што да трае **три години.**

Прва година

1. *Воведен курс-Центар за семејна медицина- 3 месеци*

Центар за семејна медицина 3 месеци

2. *Семејна медицина 1-6 месеци*
    a. Амбуланта за општа медицина 3 месеци
    b. Амбуланта по педијатрија 2 месеци
    c. Амбуланта по акушерство и гинекологија 1 месец

3. *Прва болничка компонента-6 месеци*
    a. Интерна медицина 3 месеци

Втора година

    b. Педијатрија 1 месец
    c. Дерматовенерологија 1 месец
    d. Неврологија 1 месец

4. *Итна медицинска помош и хирургија-3 месеци*
    a. Хирургија со трауматологија 2 месеци
    b. Ургентна медицина 1 месец

5. *Семејна медицина 2- 6 месеци*

Амбуланта за општа медицина 6 месеци

Трета година

6. *Втора болничка компонента- 9 месеци*
    a. Акушерство и гинекологија 4 месеци
    b. Инфективни болести 2 месец
    c. Психијатрија 1 месец
    d. Офталмологија 2 недели
    e. Уво нос и грло 2 недели
    f. Ортопедија 2 недели
    g. Палијативна нега 2 недели

7. *Семејна медицина 3- 3месеци*

Амбуланта за општа медицина 3 месеци

Континуирана едукација за целото времетраење на програмата

Еднодневни курсеви со ослободување од работа ќе се организираат (во петок) за целото времетраење на обуката по семејна медицина 1, 2 и 3 и кај болничките ротации и истите ќе се одвиваат во Центарот за семејна медицина.

Специјализацијаза семејна медицина

Специјализација за семејна медицина е дизајнирана така што трае **три години.** Структурата ќе изгледа како што е прикажано во табелата 1.

Табела 1: компоненти на специјализацијата и нивно времетраење:

Компонента	**Времетраење (месеци)**
Воведен курс	3
Семејна медицина 1	6
Прва болничка компонента	6
Итна медицинска помош и хирургија	3
Семејна медицина 2	6
Втора болничка компонента	9
Семејна медицина 3	3
Вкупно	36

И покрај тоа што курс по „медицински англиски" не е вклучен во оваа програма, за разлика од она што се нуди за време на додипломските студии по медидина во Македонија, специјализантите ќе бидат поттикнати да го усовршат своето познавање на англискиот јазик за да можат да ги осовременуваат своите знаења преку интернет.

На крај на секоја обавен турнус (компонента специјализантот го покажува своето портфолио кое ги содржи:

- неговиот личен план за едукација (ЛПЕ)
- Лог Боок за клинички вештини
- Лог Боок за специјализацијата

1. ВОВЕДЕН КУРС- 3 МЕСЕЦИ

Воведниот дел од специјализацијата ќе трае три месеци. Структурата е прикажана во табелата 1.
Во првите 3 месеци акцент ќе се даде на едукација во Центарот за КМЕ, каде специјализантите ќе се едуцираат за основните принципи на работа во семејната медицина: комуникациски вештини, употреба на упатства, медицина базирана на докази, рационално препишување на лекови, водење на медицинска докумнетација, превенција и унапредување на здравје, организација на работа и контрола на квалитет на работа.
На самиот почеток специјализантот со помош на едукаторот и менторот ќе го подготви личниот план за учење кој на крајот на 3 месеци ќе се евалуира од менторот за напредокот во едукација.
Во тек на овие 3 месеци специјализантите се должни да изберат една од семинарските работи и накрај да ја презентираат.

Семинарски теми:

1. превентивни програми во Македонија
2. патронажна служба
3. ревизија на квалитет на работа за хипертензија
4. телефонска консултација во ординација на ниво на ПЗЗ
5. однос доктор-пациент
6. домашна посета
7. болен со хронична незаразна болест
8. превентивен диспанзер за заштита на здравјето на детето
9. превентивни ппрограми за жена
10. медицинска документација
11. рационално препишување на лекови
12. превенција на кардиоваскуларни болести
13. морбидитет на ниво на ПЗЗ
14. унапредување на здравјето на граѓаните
15. тимска работа на ниво на ПЗЗ
16. права на пациентите

Табела 1: Компоненти на воведниот курс и нивно времетраење

Компонента	**Времетраење (денови)**
Вовед во обуката	1
Практична работа	2 - 14
Обука во Центарот за КМЕ	15 - крај
Вкупно	**3 месеци**

Содржината на обуката по недели во Центарот за КМЕ ќе ги опфати следниве теми:

Недела	**Ден 1**	**Ден 2**	**Ден 3**	**Ден 4**	**Ден 5**
					Вовед Личен план за учење
04.04.	Амбуланта	амбуланта	амбуланта	амбуланта	Принципи на СМ Холистички приод
11.04.	Амбуланта	амбуланта	амбуланта	амбуланта	Консултација Давање фидбек
18.04.	Кл.вештини Упатства	Рационално препишување на лекови		Притисок на пациенти Права на пациенти	амбуланта
25.04.	КВР ХТА Ангина	Аудит Хиперлипидемија	Аудит Мускулоскелетни болести	Комуникациски вештини	амбуланта
2.05.	ДМ	ДМ	Подобрување на квалитет на ЗЗ (Аудит)	Медицинска докумнетација	амбуланта
09.05.	Истражување и медицина базирана на докази / Компјутерски вештини				амбуланта
16.05.	Превенција и Промоција на здравје				амбуланта
23.05.	Систем за здравствена заштита и законодавство и медицинска документација				амбуланта
30.05.	Етика и професионалност				амбуланта
06.06.	Исхрана и баланс на течности			Комуникациски вештини	амбуланта
13.06.	Организација на праксата (менаџмент)			Аудит	амбуланта
20.06.	Водење на хронични болести Обука за клинички вештини		генетика	компјутерско водење на медицинската документација и изработка на целите	амбуланта
27.06.	Семинарски трудови	Повторување	ЛПЕ, Лог боок, Дневник	ОСЦЕ/ассесмент	амбуланта

Клинички вештини кои ќе се учат во Центарот за КМЕ:

1. Мерење крвен притисок
2. ОРЛ преглед
3. Око клинички преглед
4. Око офталмоскопски преглед
5. нормален ЕКГ
6. Лабораторија
7. Преглед на урина
8. кардиореспираторна реанимација на возрасни
9. кардиореспираторна реанимација на деца
10. преглед на Дијабетично стопало
11. преглед на Дојка
12. абдоминален преглед кај дете и возрасен
13. Невролошки преглед
14. И.В инекции
15. Крива на раст
16. БМИ
17. Толкување на Рентгенгрефии

2. СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА 1

Семејна медицина 1 ќе се реализира во здравствен центар и/или во ординацијата на едукаторот. Работната недела обфаќа минимум 35 работни сати (во тоа влегува и едукацијата во Центарот.) Во тек на секојдневната работа специјализантот е должен да прегледа барем 15 пациенти. На крајот на работниот ден треба да помине 1 сат едукација со едукаторот. Барем еднаш месечно треба да оствари средба со менторот а може и почесто. Во овој 6 месечен период главен акцент ќе се даде на развивање на комуникациските вештини и употреба на упатства во секојдневната работа. За таа цел специјализантот ќе треба да достави 6 консултации со пациенти снимени на видеа за евалуација на комуникациските вештини.

Структурата е прикажана во табелата 2.

Табела 2: Компоненти на модулот семејна медицина 1 и нивно времетраење:

Компонента	**Времетраење**
Семејна медицина	3 месеци
Педијатрија	2 месеци
Акушерство и гинекологија	1 месец
Вкупно	6 месеци

За целото време специјализантот ќе присуствува на неделниот курс кој ќе се одржува во петоците во Центарот за едукација за кој е ослободен од работа (т.н. „day release”).

2.1 СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА/ОПШТА МЕДИЦИНА 3 МЕСЕЦИ

Месец	**Неделен курс**			
Месец 1	Модул 1 Анафилакса Труење и каснувања (рани/отрови)	Модул 2 Злоупотреба на супстанци	Модул 3 Социопатии	Модул 4 Здравствена промоција остеопороза
Месец 2	Модул 5 Палијативна грижа	Модул 6 Третман на болка и соопштување лоши вести	Модул 7 Реанимација	Модул 8 Домашна посета и лекување
Месец 3	Модул 9 Домашна посета и лекување	Модул 10 грижа за стари лица	Презентации од специјализантите	ОСЦЕ

Клинички вештини:

1. И.В инекции
2. Поставување на уринарен катетер
3. КРР деца
4. КРР возрасни
5. Неуролошки преглед
6. патолошко ЕКГ
7. шиење на рана
8. Обработка на рани/преврски

Клинички вештини во амбуланта:

- Проценка на витални знаци x20
- Одредување БМИ x20
- Одредување на крива на раст x20
- Мерење крвен притисок x20
- Мерење на температура x10
- Одредување на гликоза во крв x10
- ЕКГ x20
- Peak flow metar x20
- Терапија со небулајзер x20
- Преглед на дојка x20
- препишување лекови x20
- предна риноскопија x10
- отоскопија x10
- преглед на очно дно x10
- клинички преглед на око x10
- преглед на урина x10
- читање на лабораториски резултати x30

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)

Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Анамнеза и физикален преглед	
Наведе важечките дијагностички критериуми	
Направи диференцијална дијагноза со назначување на соодветно иследување	
Ги идентификува клинички значајните форми	
Препишува безбедна и соодветна терапија	
Основа однос на взаемна доверба и одговорност со пациентот/ фамилијата	
Му ја објасни на пациентот прирордата, водењето, терапијата и следењето на проблемот	
Спроведува превенција и промоција на здравје	
Ограничувања на докторот од ПЗЗ и потребата од евентуално упатување на специјалист	
Применува соодветни Комуникациски вештини	
Водење на медицинска докумнетација	
Го подготви пациентот за дијагностичка и тераписка процедура	
Мултидисциплинарен приод кон решавање на проблемите и користење на соодветните организации и сервиси	
Ги познава законските и етичките принципи	

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Анемија	
Лимфаденопатија	
Диспепсија	
Констипација фекален застој	
Синдром на иритабилен колон	
Абдоминална болка	
Хемороиди	
Жолтица	
Диспнеа	
Кашлица	
Градна болка	
Периферен едем	
Блефаритис, коњуктивитис	
Хематурија	
дизурија	
олигурија	
Уринарна инконтиненција	
Главоболка	
мигрена	
Фебрилност	
Конфузија	
деменција	
епилепсија	
осипи	
Вирусни инфекции	
Диареален синдром	
Инфекции на РТ (тонзилофарингит, бронхит, пневмонија)	
бронхоопструкција	
Инфекции на УТ	
Кожни инфекции	
Паразитарни инфекции	
Диспнеа	
палпитации	
Епистакса	
Отечен зглоб	

Постурална хипотензија	
Болка во зглоб	
Хипертензија	
Обезитас	
Дијабетес мелитус	
Хиперлипидемија	

2.2 ПЕДИЈАТРИЈА

Врметраење 2 месеци амбуланта + 1 месец болнички дел

Место на одржување :
2 месеци педијатриска амбуланта во ПЗЗ
1 месец Клиника за детски болести

Знаења, вештин ии ставови во педијатриска амбуланта (земено од курикулум)

- Анамнеза соодветна на возраста на детето која ќе содржи податоци за начинот на исхраната, развојот, имунизацијата и социјалните и фамилијарните околности
- Направи физикален преглед прилагоден на возраста на детето и неговата здравствена состојба
- Направи разлика помеѓу нормалните и патолошките физикални знаци
- Ги препознае важните заболувања кај децата за кои е потребно упатување до специјалист
- Ги дијагностицира најчестите проблеми кај децата и да направи план за водење на тие деца
- Препишува безбедна и соодветна терапија за децата
- Да учествува во домашна посета на пациентите
- Да биде вклучен во издавање на специјалистичкиупати и боледувања

- Да ги препознае нормалните варијации и отстапувања во развојот
- Да ги препознае генетските, психолошките физичките и факторите на околината кои влијаат на развојот на детето
- Рано да ги препознае и да ги упати на специјалист следните состојби: емоционална депривација, мал и голем раст, ненапредување, заостанување во развојот
- Да направи скрининг на развојот на детето во согласност со стандардните протоколи (тежина, висина, обем наг лава, преглед на тестиси, колкови, откривање на сколиоза)
- Активно спроведува превенција на болести и здравствена промоција
- Направи проценка на состојбата на исхранетост и хидрација
- Ги следи соодветните протоколи за заедничка грижа на пациентот
- Основа однос на взаемна доверба и одговорност со детето и фамилијата
- Комуницира ефективно со фамилијата
- Промовира активно учество на фамилијата при водење на болното дете
- Ги објасни на јасен и разбирлив начин проблемите и планот за водење на болеста како на родителите, така и на детето
- Да направи базично генетско советување (превенција на конгенитални абнормалности, фактори на ризик во тек на бременоста)
- Ефективно да комуницира со адолесцентот во контекс на неговата фамилија и општеството (да соработува со родителите, роднините, другарите, наставниците и други)

- Го едуцира пациентот и да го советува за здрав начин на живот
- Обезбеди сексуално образование
- Ги советува пациентите и фамилиите за посебните нутриционски потреби за различните возрасни групи и за улогата на диетата во превенирање на болестите
- Биде свесен за своите медицински грешки и да учи од нив

Теми за дискусија во амбуланта со едукатор

- Анемија
- рахит
- Инфекција на УТ
- хематурија
- Горнореспираторни инфекции
- Долнореспираторни инфекции
- Дијареа
- Констипација

Во тек на овие 3 месеци специјализантот треба да помине:

- 8 недели во педијатриска амбуланта во ПЗЗ,
- 4 недели на Клиника за педијатрија на оддел новородено, оддел за донче, психосоматика и ендоктринологија.

За целото време на турнусот специјализантот ќе присуствува на еднодневен неделниот курс кој ќе се одржува секој петок во Центарот за едукација за кој е ослободен од работа (т.н. „day release").

Недели	Понеделник	Вторник	Среда	Четврток	Петок
1	Педијатриска амбуланта во ПЗЗ				Модул1 Раст и развој
2	Педијатриска амбуланта во ПЗЗ				
3	Педијатриска амбуланта во ПЗЗ				Модул 2 Исхрана
4	Педијатриска амбуланта во ПЗЗ				
5	Педијатриска амбуланта во ПЗЗ				Модул3 Инфекции, препишување
6	Педијатриска амбуланта во ПЗЗ				
7	Педијатриска амбуланта во ПЗЗ				Модул 4 превенција
8	Педијатриска амбуланта во ПЗЗ				
1	Универзитетска Клиника за детски болести Оддел за новородено				Модул 5 ургентни состојби
2	Универзитетска Клиника за детски болести Оддел за доенче				Модул 6 адолесценција
3	Универзитетска Клиника за детски болести Оддел за ендокринологија				
4	Универзитетска Клиника за детски болести Психосоматика				Евалуација

Клинички вештини во Центар:

- Преглед на око
- преглед на уво
- Крива на раст,БМИ
- преглед на колк
- Реанимација
- шиење на рана
- Астма
- лабораторија

Клинички вештини во амбуланта:

- Собирање на урина x10
- Микроскопски преглед на урина x5
- Преглед на новородено и доенче x10
- Преглед на адолесцент x5
- Проценка на раст и развој – крива на раст, БМИ x10
- Проценка на пубертет x5
- Проценка на нутритивен статус x10
- Интерпретација на ренгенграфија и EKG x10

За време на турнусот специјализантот треба да прегледа 20 доенчиња, 20 мали предшколски деца, 20 школски деца и 20 адолесценти.

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)

Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Анамнеза и физикален преглед на новородено,	
препознавање на абнормалности и проблеми кај новородено	
Анамнеза и физикален преглед на доенче и дете	
Проценка на раст и развој на дете	
Проценка на пубертет	
Скрининг на развој на дете	
Базична генетска консултација	
Проценка на состојбата на исхранетост и хидрација	
Совет за исхрана соодветно на возраста	
имунизација	
Проценка на состојбата на детето - здраво, болно, злоставувано	
Да направи разлика помеѓу нормалните и патолошките физикални знаци	
Назначува соодветни иследувања	
Препишува безбедна и соодветна терапија за децата	
Знаење на постоечки служби во грижа на дете (мултидисциплинарни тимови)	
Комуницира ефективно со фамилијата	
Основа однос на взаемна доверба и одговорност со детето и фамилијата	
Промовира активно учество на фамилијата при водење на болното дете	
Ги објасни на јасен и разбирлив начин проблемите и планот за водење на болеста како на родителите, така и на детето	
Го едуцира пациентот и да го советува за здрав начин на живот	
Обезбеди сексуално образование	

чести и важни состојби: знања и вештини за водење	
Инфекции на уринарен тракт	
Инфекции на респираторен тракт	
бронхиолит	
Инфекции - егзантеми	
Блефарит, коњуктивит	
Кожни инфекции	
Паразитарни инфекции	
Пролив	
Фебрилност	
Повраќање	
Рецидивна Абдоминална болка	
констипација	
Анемија	
Лимфаденопатија	
Рахит	
Алтралгија, артрит	
Хематурија	
Главоболка	
Фебрилни конвулзии	
Ненапредување	
Алергии (егзем, астма, алергиски ринит)	
уртикарија	
Злоупотреба на дете	
Проблеми во однесување (енуреза, тикови, проблеми со школо, проблеми со јадење, проблеми со спиење)	
Шум на срце	
Крпторхизам	
хидроцела	
Фимоза	
Проблеми во однесување кај адолесцент -	
дебелина	
Страни тела	
Инфантилна колика	
новородено	
Проблеми во исхрана (доење)	
Превенција на здравје	
имунизација	
Ортопедски проблеми: сколиоза, кифоза,равни табани	

Свесност за болести од интерес на детето	
Ризични новородени деца	
Ненапредување	
Заостанување во развојот	
АДХД	
Анорексија	
Емоционална депривација	

Малигни заболувања	
Конгенитални срцеви болести	
Дијабет	
Церебрална парализа	
Епилепсија	
Дете со чести инфекции	

Ургентни состојби: знаења, вештини и ставови	
Астма	
Повреди	
Труења	
Менингитис	
Губиток на свест	
Повреда на глава	
Дехидрирано дете	
Конвулзии	
Епиглотит	
Епистакса	
Акутен абдомен	
Гастроинтестинално крварење	
Дијабетична кетоацидоза	
Каснување	
Страно тело	
Реанимација ма новородено и дете	

2.3. ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО 1 месец амбуланта +4 месеци болница

Компетентност

По завршување на турнусот по гинекологија и акушерство се очекува специјализантот по фамилијарна медицина да биде:

- способен да оствари ефективна комуникација со пациентките од сите возрасти , да демонстрира вештина внимателно да ги сослуша, и да прijде внимателно кон осетливите и за пациентката непријатните работи, и да изготви заеднички план за лекување или згрижување на пациентот.
- способен да изведе комплетен гинеколошки преглед со избор на адекватни скрининг тестови , како и адекватна консултација за одржување и подобрување на општата здравствена состојба, во зависност од возраста на пациентот и факторите на ризик.
- способен за разие план за третман и следење за најчестите здравствени нарушувања и состојби кои ја афектираат жената, вклучувајки и прашања од областа на репродукцијата.
- способен да покаже ефикасни советодавни вештини во поглед на прашањата од психолошката, социјалната и репродуктивната сфера.
- способен да делува како советник и координатор на жената низ континуумот на амбулантна , болничка и институционална нега, зависно од здравствените потреби и возраста на пациентката.

Знаење:

Специјализантот треба да демонстрира способност да го употреби своето знаење во поглед на :

- базичните аспекти од нормалниот раст и развој на жената од детството до зрелоста
- физиологијата на нормалниот менструален циклус и проблемите со аменореата и абнормалните утерини крвавења, вклучувајки амбулантна проценка, третман и критериуми за упат на овие состојби.
- физиологија и дијагностички критериуми на предменструалниот синдром и дисменореата, иницијален третман и критериуми за упат
- симптоматолијата и дијагностиката на ендометриоза , дијагностички тестови, и иницијален третман, земајки предвид репродуктивните потреби на пациентката
- физиолошки промени при менопауза

а.физичко, емоционално и сексуално влијание на менопаузата
б.ризици и бенефити на хормонска заместителна терпаија
в.адекватен симптоматски третман на менопаузна симптоматологија

- препораки за преконцепциско советување
- индикации и контраиндикации за сите контрацептивни методи
- прашања врзани за непланирана бременост и нејзино завршуванње
- проценка на адекватна сексуална функција и сексуална дисфункција
- етиологија на инфертилитет , иницијални тестови советување , критериуми за упат, советување за репродуктивни технологиии и адопција
- симптоматологија евалуација на ПЦО, иницијален третман и критериуми за упат

- етиопатогенеза, симптоматологија на вулвовагинити, сексуално преносливи инфекции и модалитети на третман
- епидемиологија, скрининг, евалуација и иницијален третман на ХПВ инфекциите и цервикална атипија, како и критериуми за упат
- анатомија, физиологија на бенигните болести на дојката (цисти, аденоми, мастопатија и фибросцистични промени за време на мензстуален циклус)
- препораки за скрининг на карцином на дојка со употреба на клинички преглед, совет за самопреглед и рентгенолошки и генетски тестирања.
- иницијални препораки за модалитети на третман , следење и критериуми за упат на болни од рак на дојка
- препораки за скрининг и лабораториски тестови за карцином на овариум
- симптотоматологија, дијагностика и критериуми за упат на ендометријална патологија
- епидемиологија, симптоматологија, евалуација и критериуми за упат на миоми на матката
- диференцијална дијагноза на хронична пелввична болка (вклучувајки инфекција, ендометриоза , тумори и друго)
- евалуација на пелвични тумори
- презентирање на симптомите на патологија на пелвичното дно, вклучително сите типови на уринарна инконтиненција и генитален пролапс, исто како и методите на медицински и хирурки третман, и критериуми за упат
- знаци за утврдување на бремноста и критериуми за упат
- најчестите компликации во бременоста
- дијагностички критериуми на постпартална депресија
- симптомтоматологија и фактори на ризик за ектопична бременст
- дијагностички критериуми за најчести нарушувања во пуерпериумот, инфекции, крвавења, поспрартална депресија, мастити
- нормална физиологија на репродукција од пубертет до менопауза
- адекватна евалуација и советување за:
    а скрининг тестови за рана детекција и превенција на ракот
    б. нутритивни потреби на жената во различни периоди од животот
    в. имунизација
    г. вежби и физичка активност
    д. остеопороза
    ѓ.прекин на пушење
    е. орална хигиена кај трудници

Вештини:

Специјализантот би требало да демонстрира способност од аспект на практични вештини и вештини на комуникација, да адекватно направи или адекватно упати, во врска со :

- **контрола на фертилитетот**
  а. Советувалиште за сите форми на планирање на семејство (вклучително орални контрацептиви и друга контрацепција)
  б. ставање на ИУВ
  ц. Ваденје на ИУВ

д. Апликација на дијафрагма

- **гинеколошки преглед и лабораторија**

а.микроскопска дијагноза на уринарен и вагинален нативен препарат
б. гинеколошки преглед под спекулум
в. бимануелен преглед
г. преглед на дојка
д.земање на брис за пап и вагинална флора , и хпв типизација
ѓ. Основни тестови за препознавање на симптоми за уринарна инконтиненција и генитален пролапс

- **советувалиште- комуникациски вештини**

а. Опции во бременоста
б. спонтан абортус и инфертилност
в. Избор на контрацепција
г. Интерпретација на резултати од пап хпв типизација, мамографија, скрининг за остеопороза , спермограм и хормонски профил

- **следење на бременоста**

а. Пренатално советувалиште за прашањата врзани со нормална та бременост, породување и пуерпериум
б. евалуација на гестацисака старост и проценка на ризиците во рана бременост
в. План за водење на бременоста
г. Базична антенатална грижа за нискоризични трудници
д. Деткција на фетални тонови
ѓ.препознае предвремено пркање на околуплодови овојници
е. Интерпретира резултати од пренатална дијагноза
ф. Критериуми за упат на повисоко ниво

Ставови :

- Грижлив посветен и респектативен приод кон жената како пациент со информативна согласност за лекувањето и следењето на на нејзиното здравје.
- Свесност на потребата за информирање на пациентката во носењето на одлуките и обезбедување на информации кои ке и овозможат да полесно донесе одлука за натамошното лекување и следење.
- Свесност дека многу медицински нарушувања се манифестираат различно кај различни пациенти а некои се јавуваат само кај жените.
- Препознавање дека женското здраве се нарушува не само од медицински проблеми туку и од фамилијарни , проблеми на работно место, возраста , како и од односи во заедницата.
- Прпознавање на важноста и одавање признание на улогата на жената во здравјето на целата фамилија со селекција на доктор, со обезбедување грижа за семејството, носење одлуки за стилот на живеењето, вклучително исхраната и селекција на животните активности.
- Свесноста за ефектите на жените во поглед на јавната перцепција на жената и женското тело/ импланти од дојка, силикони, липосукција/

- Свесност за комплексните ефекти по здрајвето на жената при сексуално злоставување
- Во поглед на контрацепција да се сочуваат принципите на доверливост, приватност, и почитуваат ставовите и уверувањата кај самата пациентак/пар, доколку се истите против нивните убедувања
- Во поглед на инфертилитетот да се земе предвид психосоцијалниот аспект на проблемот и нивното влијание врз парот , околината и нивниот професионален живот
- Во поглед на бременоста да се земе предвид психосоцијалниот аспект на состојбата како и уверувањето дека е бременоста нормален физиолошки процес
- Во поглед на туморите , крвавењата и другите нарушувања на здрајвето на жената, да се земе предвид вознемиреноста на пациентката, да се разберат нејзините стравови и психосоцијални импликации
- Во поглед на сексуално преносливите инфекции многу внимателно да се сочуваат принципите на приватност доверливост, земајки ги предвид предрасудите и потребата за пријавување на суспектни контакти
- Во поглед на уринарната инконтиненција и гениталниот пролапс да се смета на одбивноста на пациентките да побараат медицинска помош, како и поентирање на социјалниот аспект на болеста пред медицинскиот

Теми за дискусија во амбуланта со едукатор:

- Пореметување на менструалниот циклусот
- Пелвична болка
- Појачан исцедок
- Бременост
    - нискоризична бременост
    - утврдување криетериуми за упат
- Менопауза
- Преглед на малолетно лице и вирго

План за едукација

Се планира турнусот да трае 20 недели од кои:

- 1 месец ординација по гинекологија и акушерство во ПЗЗ
- 4 месеци би биле болнички турнус.

Гинекологија 1 месец амбуланта

Месец	**Активности**			
Месец 1	Модул 1 Планирање на семејство	Модул 2 Антенатална грижа за бремена жена	Модул 3 Гинеколошки проблеми	Модул4 Заболувања на дојка

Распоред за клинички вештини :

1. Преглед на Дојка x5
2. Бимануелен преглед x5
3. Земање на брис и преглед под спекулум x5
4. Контрацептивни методи x5
5. Инсерција на спирала x2
6. местење на дијафрагма x1

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)

Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Состојби кои е потребно да се следат и третираат за време на турнусот од 12 недели по гинекологија и акушерство, вклучително болница и амбуланта

Дијагноза, следење и третман на:

вулвовагинити		
-аменореа		
метрорагија		
восплаенија на тубооваријалниот апарат		
воспаленија на матката		
-пелвична болка		
-клеточни атипии на грлото на матката		
-тумори на дојките		
воспаленија на дојките, вклучително постпартални		
миоми на матката		
тубооваријални тумори, цисти		
дисменореа		
-предменструален синдром		
-ендометриоза		
-Планирање на фамилија		
утврдување на бременост		
утврдување на фактори на ризик во рана бременост		
високоризична бременост		
-болести врзани со бременоста, нивна рана дијагностика		
Рх инкопатибилија		
ургентни состојби во гинекологијата и акушерстовото		
уринарна инконтиненција и генитален пролапс		
советувалиште за трудници		
-советувалиште за контрацепција		
дијагноза на инфертилитет		
-брачни проблеми		
-сексуално злоставување		

3. ПРВА БОЛНИЧКА КОМПОНЕНТА

Првата болничка компонента ќе се спроведува во универзитетски болници и акредитирани интернистички одделенија и амбуланти:

Структурата е прикажана во табелата 4.

Табела 4: Структура на првата болничка компонента

Компонента	**Времетраење**
Интерна медицина	3 месеци
Педијатрија	1 месец
Дерматовенерологија	1 месец
Неврологија	1 месец
Вкупно	6 месеци

Курсевите што ќе се посетуваат еден ден неделно ослободени од работа ќе се спроведуваат низ целото времетраење на оваа компонента.

3.1 ИНТЕРНА МЕДИЦИНА 3 МЕСЕЦИ

Недели/Клиники	Понеделник	Вторник	Среда	Четврток	Петок
1. Клиника за пулмологија	Диспнеа Градна болка	Алергиски ринит	Астма	ХОББ	Модул1 ХОББ/Астма
2 Клиника за нефрологија	Хематурија Нефро/уролитиjаза	Уринарна инфекција	Хипертензија	Бубрежна инсуфициенција	Модул 2 Бубрежна инсуфициенција/Хипертензија
3. Клиника за урологија	Уринарна инконтиненција	Акутен скротум	Епидидимитис	Уринарна ретенција/Простата	Модул 3 Уринарна инконтиненција и ретенција , Простата
4. Клиника за ендокринологија	Тироидни болести	Дијабетес мелитус	Хиперлипидемија	Остеопороза	Модул 4 Дијабетес мелитус
5. Клиника за кардиологија	Срцева слабост	Коронарна артериска болест			Модул 5 Срцева инсуфициенција
6 Клиника за кардиологија	Аритмии	Периферна артериска и венска болест			Модул 6 Периферна артериска и венска болест
7. Клиника за ревматологија	Ревматизам на меки ткива, фибромиалгија и поствирусен синдром на замор	Инфламаторен артрит, ревматоиден артрис и гихт Остеоартрит	Болести на сврзно ткиво (СЛЕ, склеродерма, дерматомиозитис)	Долно-грбна болка	Модул 7 Ревматизам на меки ткива и инфламаторен артрит
8. Клиника за хематологија	Едеми	Лимфаденопатија	Анемија		Модул 8 Анемија
9. Клиника за ГЕХ	Диспепсија, дисфагија	Опстипација, фекална импакција	Манифестно крварење од ГИТ	Абдоминална болка	Модул 9 Гастроинтестинално крварење
10. Клиника за ГЕХ	Хемороиди	Иктерус	Холелитијаза	Синдром на иритабилен колон	Модул 10 Стомачна болка
11 Клиника за токсикологија и ургентна медицина	Колабиран пациент	Анафилакса	Смрт		Модул 11 Истражување и медицина заснована на докази
12 Клиника за токсикологија и ургентна медицина	Труења	Повреди од електрична струја	Каснувања (змии, пајаци итн.)		Модул 12 Презентација на семинарски трудови/ОСЦЕ /Аудит
13 Геријатрија	Медицина на стари лица				Модул 13 Медицина на стари лица

Вкупен број на содржини: 49

Вкупен број на денови во болничка установа: 13 недели
Вкупен број на денови во day release -13 дена

Преглед на клинички вештини

	БОЛНИЦА 1	Клиника/недела	Обука (day release)
Систем за здравствена заштита и законодавство	X		Воведен курс
Обезбедување на квалитет	X		Воведен курс
Комуникациски вештини	X		Воведен курс
Етика/ професионалност	X		Воведен курс
Препишување на лекови	X		Воведен курс
Превенција на болести	X		Воведен курс
Упати	X		Воведен курс
Боледување	X		Воведен курс
Истражување и медицина заснована на докази	X		Модул 12
Злоупотреба	X		
Медицински грешки	X		
Стари лица	X	Недела 13, Геријатрија	Модул 13
Палијативна – терминална нега	X	Недела 13, Геријатрија	Модул 13
Гастроинтестинално крварење	X	Недела 9, Клиника за ГЕХ	Модул 9
Стомачна болка	X	Недела 10, Клиника за ГЕХ	Модул 10
Акутно немање воздух	X	Недела 1, Клиника за пулмологија	
Давење – страно тело	X	Недела 12, Клиника за токсикологија и ургентна медицина	
Труење	X	Недела 12, Клиника за токсикологија и ургентна медицина	Модул 11
Болка во градите	X	Недела 1, Клиника за пулмологија	
Анемија	X	Недела 8, Клиника за хематологија	Модул 8
Лимфоаденопатија	X	Недела 8, Клиника за хематологија	
Диспепсија	X	Недела 9, Клиника за ГЕХ	
Дисфагија	X	Недела 9, Клиника за ГЕХ	
Опстипација	X	Недела 9, Клиника за ГЕХ	
Камења во бубрег	X	Недела 2, Клиника за нефрологија	
Иритабилен цревен синдром	X	Недела 9, Клиника за ГЕХ	
Хемороиди	X	Недела 10, Клиника за ГЕХ	
Жолтица	X	Недела 10, Клиника за ГЕХ	
Проблеми со простатата	X	Недела 3, Клиника за урологија	Модул 3

Хематурија	X	Недела 2, Клиника за нефрологија	
Едем (оток)	X	Недела 8. Клиника за хематологија	
Астма	X	Недела 1, Клиника за пулмологија	Модул 1
Хронична обструктивна белодробна болест	X	Недела 1, Клиника за пулмологија	Модул 1
Шеќерна болест	X	Недела 4, Клиника за ендокринологија	Модул 4
Коронарна артериска болест	X	Недела 5, Клиника за кардиологија	
Хипертензија	X	Недела 2, Клиника за нефрологија	Модул 2
Хиперлипидемија	X	Недела 4, Клиника за ендокринологија	
Срцева инсуфициенција	X	Недела 5, Клиника за кардиологија	Модул 5
Аритмија	X	Недела 6, Клиника за кардиологија	
Периферни артериски нарушувања	X	Недела 6, Клиника за кардиологија	Модул 6
Периферни венозни нарушувања	X	Недела 6, Клиника за кардиологија	Модул 6
Ревматизам на меките ткива	X	Недела 7, Клиника за ревматологија	Модул 7
Воспалителен артритис	X	Недела 7, Клиника за ревматологија	Модул 7
Бубрежна инсуфициенција	X	Недела 2, Клиника за нефрологија	Модул 2
Заболувања на тиреоидната жлезда	X	Недела 4, Клиника за ендокринологија	

Клинички вештини во болница:

- ЕКГ x10
- И.в. линија x5
- Венепункција x5
- Микроскопски преглед на урина x10
- Интерпретација и индикација за ренгенграфија, КТ и МРИ x10
- Поставување на уринарен катетер x5
- Поставување на назогастрична сонда x5
- Клизма x5
- Гледање на нормална крвни размаски x5
- Х.Пилори тест x5
- Скрининг за целијакија x5
- Испитување на столица за окултно крварење x5

Да види:

- Коскена биопскија
- Биопсија на лифна жлезда
- Ехокардиографија/ехо на УТ/ехо на Абодомен
- Ендоскопија
- Бронхоскопија
- Биопсија на хепар/бубрег
- Дијализа
- Белодробни функционални тестови
- Аспирација и инекција во зглоб

За време на турнусот специјализантот треба да прегледа по 20 лежечки пациенти и 10 пациенти во соодветни амбуланти од различни специјалности.

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)
Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата
А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Анамнеза и физикален преглед	
Наведе важечките дијагностички критериуми	
Направи диференцијална дијагноза со назначување на соодветно иследување	
Ги идентификува клинички значајните форми	
Препишува безбедна и соодветна терапија	
Основа однос на взаемна доверба и одговорност со пациентот/ фамилијата	
Му ја објасни на пациентот прирордата, водењето, терапијата и следењето на проблемот	
Спроведува превенција и промоција на здравје	
Процени итност на дадена состојба	
Ограничувања на докторот од ПЗЗ и потребата од евентуално упатување на специјалист	
Користи соодветни Комуникациски вештини	
Водење на медицинска докумнетација	
Го подготви пациентот за дијагностичка и тераписка процедура	
Мултидисциплинарен приод кон решавање на проблемите и користење на соодветните организации и сервиси	
Ги познава законските и етичките принципи	

Ургентни состојби	
Гастроинтестинално крварење	
Стомачна болка	
Акутно немање воздух	
Пулмонален емболизам	
Астматичен напад	
Пулмонален едем	
Акутен панкреатит	
Акутен холецистит	
Дијабетична кетоацидоза	
Адисонова криза	
Акутен коронарен синдром	
Аритмија	
Конгестивна срцева слабост	
Акутна интоксикација со алкохол	

Давење – страно тело	
Труење	
предозираност со дрога	
Болка во градите	
Чести заболувања	
Анемија	
Лимфоаденопатија	
пурпура	
Диспепсија	
Дисфагија	
Опстипација	
Камења во бубрег	
Пиелонефрит и уросепса	
Жолчни камења	
Пептичен улкус	
Иритабилен цревен синдром	
Хемороиди	
Жолтица	
Хронична црнодробна болест	
Акутна и хронична црнодробна инсуфициенција	
Проблеми со простатата	
Хематурија	
Едем (оток)	
Хронични болести	
Астма	
Хронична обструктивна белодробна болест	
Алергиски ринит	
Шеќерна болест	
Коронарна артериска болест	
Хипертензија	
Хиперлипидемија	
Срцева инсуфициенција	
Аритмија	
Периферни артериски нарушувања	
Периферни венозни нарушувања	
Ревматизам на меките ткива	
Воспалителен артритис	
Бубрежна инсуфициенција	
Заболувања на тиреоидната жлезда	
Остеопороза	
Палијативна – терминална нега	
Најчести симптоми (диспнеа, гадење, повраќање, констипација)	
Ургентни состојби	

3.2. ПЕДИЈАТРИЈА 1 МЕСЕЦ БОЛНИЦА

3.3. ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА 1 МЕСЕЦ БОЛНИЦА/АМБУЛАНТА

Знаења, вештини и ставови во амбуланта за дерматологија и амбуланта за СТИ (земено од курикулум)

- Анамнеза која ќе содржи детални податоци за сегашната болест, за болестите во минатото, болести во семејството, навиките и условите за живеење на пациентот, медикаменти кои ги користел, професионална изложеност на релевантни материи/агенси и патувања
- Специфична анамнеза ако постои сомнеж за сексуално преносliва болест со епидемиолошка анкета за откривање на извор на заразата и контактите на болниот
- Направи физикален преглед на кожата и кожните аднекси и да ги опише морфологијата, дистрибуцијата и конфигурацијата на кожните ефлоресценции
- Да ги интерпретира резултатите од кожна биопсија, култура и наод на габички
- Ги препознае ургентните состојби во дерматологијата
- Ги препознае важните кожни заболувања за кои е потребно упатување до специјалист
- Ги дијагностицира најчестите кожни проблеми и да направи план за водење на тие пациенти
- Препишува безбедна и соодветна терапија, особено локална терапија
- Ги објасни на јасен и разбирлив начин проблемите и планот за водење на болеста
- Да ја објасни соодветно апликацијата на локалната терапија на пациентот/фамилијата
- Да го советува пациентот за рутинската нега на кожата земајќи ја предвид неговата возраст
- Да го советува пациентот за избегнување на факторите од околината или професионалните нокси релевантни за неговата кожна болест
- Ги следи соодветните протоколи за заедничка грижа на пациентот
- Да биде вклучен во издавање на специјалистички упати и боледувања
- Да ги препознае генетските, психолошките, физичките и факторите на околината кои влијаат на развојот и/или аггравација на кожните болести
- Активно спроведува превенција на болести и здравствена промоција
- Го едуцира пациентот и да го советува за здрав начин на живот
- Обезбеди советување за безбеден секс
- Биде свесен за своите медицински грешки и да учи од нив

Теми за дискусија во амбуланта со едукатор

- Локална терапија во дерматологија
- Ургентни состојби во дерматологија
- Медикаментозни егзантеми (медикаментозни несакани реакции на кожата)
- Кожни промени - маркери на системски (конституционални болести) болести
- Кожни тумори и фотопротекција
- СТИ

Месец	**Активности**			
Месец 1	Модул 1 Сексуално преносливи болести	Модул 2 Кожни тумори	Модул 3 Ургентни состојби	Модул4 Терапија во дерматологија

Клинички вештини:

- Земање на цервикален и уретрален брис x2
- Испраќање на земениот материјал до лабораторија x5

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)

Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Анамнеза и физикален преглед	
Проценка на ризик за кожен карцином	
Совет за нега на кожата соодветно на возраста	
Назначува соодветни иследувања	
Препишува безбедна и соодветна терапија	
Основа однос на взаемна доверба и одговорност со пациентот/ фамилијата	
Ги објаснува на јасен и разбирлив начин проблемите и планот за водење на болеста	
Го едуцира пациентот и го советува за избегнување на штетните агенси од околината	
Ефективно советува за безбеден секс	

Чести и важни состојби: знања и вештини за водење	
Бактериски кожни инфекции (импетиго, фоллицулитис, фурунцулус, целлулитис)	
Вирусни кожни и слузокожни инфекции (херпес симплец, херпес зостер, верруцае, моллусцум цонтагиосум)	
Габични инфекции (пstириасис версицолор, тинеа, цандидиасис)	
Паразитарни и трансмисивни кожни болести (педицулосис, сцабиес, Лsме боррелиосис)	
СТИ (цондsломата, херпес гениталис,csпхилис, гоноррхеа, цхламsдиа, трицхомониасис, баланитис, вагинален исцедок, уретхритис нон-гоноррхоица)	
Егзем	
Псоријаза	
Улкус на потколеница	
Автоимуни булозни дерматози	
Акни	
Алопеција	
Пруриго/пруритус	
Хиперпигментации/депигментации	
Хиперхидроза	
Оштетување на кожата од механички, хемиски и термички агенси, од актинички фактори и од јонизирачко зрачење	

Свесност за болести од интерес на пациентот	
Кожни промени - маркери на системски(конституционални болести) болести	

Кожни тумори	
Медикаментозни несакани реакции на кожата	

Ургентни состојби: знаења, вештини и ставови	
Уртицариа и ангио-оедема	
Медикаментозни несакани реакции на кожа	
Еритхродермиа	
ТЕН	
Херпес симплец диссеминатус	

3.4 НЕВРОЛОГИЈА

Турнусот трае 1 месец на Клиника за неврологија

Компетенции
Специјалистот треба

- Да може да направи стандарден сеопфатен невролошки преглед, да добие неопходни додатни испитувања и да создаде краткорочни и долгорочни планови за третман врз база на презентираниот и прогресивно влошувачки невролошки процес
- Да го разбира нормалниот невролошки развој (анатомија и физиологија)
- Да може да ги оптимизира плановите за третман према медицина базирана на докази
- Да ја координира амбулантската, болничката и институционалната нега преку системот за здравствена заштита
- Да поседува комуникациски вештини согледувајќи ги комплексните психосоцијални импликации
- Да може да ги препознае границите и лимитите на својата пракса, за да побара консулатација со други професионалци за да се обезбеди оптимална здравствена заштита

Ставови

- Да биде пристапен за пациентот со разбирање на социјалниот културолошкиот и религиозниот контекст на пациентот
- Да ја сфаќа важноста на фамилијата, домот и социјалната средина за пациентот кој боледува од невролошка болест
- Да го знае своето ниво на компетенции во однос на невролошките проблеми и да побара понатамошна консулатација при потреба за тоа
- Да стекнува понатамошни знаења и компетенции со само-насочено учење
- Да ја разбере улогата на невролог-консултант и потребата од тимски пристап во водењето на поедини невролошки состојби
- Да дава подршка на пациентот во тек на консултација, евалуација, третман и рехабилитација кај долотрајни невролошки дегенерации
- Да ги разбира лимитациите на испитувањата и третманот со цел за бенефит на пациентот
- Со доживотно учење да ги зголемува своите знаења за невролошките болести
- Да е свесен за важноста на мултидисциплинарниот приод за подобрување на индивидуалната здравствена заштита

Вештини

1. Евалуациски вештини
    - Препознава и дефинира невролошки проблем
    - Зема сеопфатна анамнеза која може да ја комуницира со други
    - Врши физикален преглед, прави невролошки и психички статус
    - Ја локализира лезијата и поставува диференцијални дијагнози
    - Го проценува клиничкиот проблем во однос на потребата за итно менеџирање и асистенција од експерт
    - Формулира рационален план за натамошни испитувања и менаџмент

- Ги познава индикациите, контраиндикациите, ризиците и значајот на дополнителни тестови

-лимбална пункција
-ЕЕГ
-ЕП
-ЕМГ
-Мускулна и нервна биопија
- компјутеризирана томографија, со и без контраст
- НМР со и без контраст
-МРАнгиографија
-ангиографија
- ултразвучен преглед на каротиди
-испитување на спиење
-генетско тестирање

2. вештини при менеџирање
    - формулира план за дијагноза и третман, ја проценува потребата од дополнителен експертски совет, ги цени ризикот, бенефитот и цената на евалуаацијата
    - ја разбира улогата на специјалист невролог и импликациите на специјални тестови кај невролошко заболување, како и импликациите на резултатите од тестовите кај пациентот
    - ги менеџира состојботе од курикулумот соодветно со консултации
    - ги менеџира ургентните состојби во неврологијата, обезбедува ургентна консултација соодветно кај

    -кома
    -мозочен удар
    -менингит и енцефалит
    -епилептичен статус
    -траума на ЦНС
    -зголемен интракранијален притисок
    -акутен визуелен губиток
    -брзо прогресирачки невролошки дефицит
    -невролошко респираторно закажување
    -акутна слабост
    -изменета ментална состојба
3. мултидисциплинарен приод во менеџирање на долготрајно нарушување
4. постојано пратење на несакани ефекти од лек и интерреакциите на лекови, особено кај стари

Во тек на турнусот специјализантот треба да комплетно да обработи 10 пациенти
За целото време на турнусот специјализантот ќе присуствува на еднодневен неделниот курс кој ќе се одржува секој петок во Центарот за едукација за кој е ослободен од работа (т.н. „day release").

Месец	**Неделен курс во КМЕ центар**			
Месец 1	Модул 1 Пореметување на моторна и сензорна функција	Модул 2 Нарушување на свест и когнитивни функции	Модул 3 Цереброваскуларни заболувања/главоболка/ТУ	Модул 4 Заболување на периферни нерви/мускули/мултипла склероза

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)
Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Невролошки проблеми: знања и вештини за водење	
Долногрбна болка	
Главоболка	
Парализа	
Мускулна слабост	
Пореметување на сензибилитет	
Тремор	
Хореа	
Вртоглавица и слабост	
мигрена	
Паркинсонова болест	
Неуропатии	
Епилепсија	

Ургентни состојби	
кома	
мозочен удар	
епилептичен статус	
зголемен интракранијален притисок	
акутен визуелен губиток	
акутна слабост	
инфекција	
изменета ментална состојба	
невролошко респираторно закажување	
траума на ЦНС	

4. ХИРУРГИЈА И УРГЕНТНА МЕДИЦИНА 3 МЕСЕЦИ

Ќе се користат следниве локации:

- Ургентен центар на хируршките клиники при УКЦ.1 месец
- Хируршко одделение 2 месеци

Обуката ќе го опфати следново:

- Справување со ургентни ситуации како лекар од прв контакт;
- Хируршки вештини на еден семеен лекар;
- Курс за реанимација.

Одговорни едукатори и амбуланти за едукација:

Распоред на еднодневни модули по недели:

Месец	**Неделен курс**			
Месец 1	Модул 1 Принципи на тријажа	Модул 2 Смрт	Модул 3 Мозочен удар/ТИА/конвулзии	Модул 4 Колабиран пациент, губиток на свест
Месец 2	Модул 5 Труења	Модул 6 Реанимација	Модул 7 Реанимација	Модул 8 Имобилизација
Месец 3	Модул 9 Траума	Модул 10 Траума		Презентации од специјализантите ОСЦЕ/аудит

Клинички вештини во КМЕ центар:

- Поставување на уринарен катетер
- Ректален преглед
- ЦПР возрасни 1, 2
- ЦПР деца 1, 2
- Гастрична лаважа
- Клизма
- ЕКГ
- Радиологија
- Имобилизација
- Транспорт
- Мала хирургија 1, 2, 3
- Поставување на и.в линија
- Обработка и преврска на опекотини 1

Клинички вештини:

- Реанимација x2
- Проценка на витални знаци за различни возрасни групи x5
- Поставување на и.в. линија x5
- Поставување на уринарен катетер x5

- Поставување на назогастрична сонда x5
- И.в., и.м. с.ц. апликација на лек x5
- Оксигенотерапија x5
- Читање на пулсоксиметрија x5
- Интерпретација на ЕКГ x5
- Одредување Глазгов кома скала x5
- Одреди траума скор x5
- Проценка на ментален статус x5
- Проценка на степен на дехидрација кај дете x5
- Кардиоваскуларна проценка на дете x5
- Имобилизација x3
- хемостаза со притисок x3
- рехидрација кај пациент со траума x3
- невролошка проценка x5
- Обработка на рана x5
- Шиење рана x5
- Преврска x5
- Инцизија и дренажа на површен абсцес x5
- Ексцизија на лојна жлезда x2
- Инцизија на враснат нокт x2
- Хируршки се испере x10

Да види:

- тораклна дренажа
- емболектомија
- цистостома

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)

Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Анамнеза и физикален преглед	
Наведе важечките дијагностички критериуми	
Направи диференцијална дијагноза со назначување на соодветно иследување	
Ги идентификува клинички значајните форми	
Процени итност на состојба	
Препишува безбедна и соодветна терапија	
Постави дијагноза и започне третман на ургентни метаболни нарушувања	
Основа однос на взаемна доверба и одговорност со пациентот/ фамилијата	
Му ја објасни на пациентот прирордата, водењето, терапијата и следењето на проблемот	
Ограничувања на докторот од ПЗЗ и потребата од евентуално упатување на специјалист	
Користи соодветни Комуникациски вештини	
Водење на медицинска докумнетација	
Го подготви пациентот за дијагностичка и тераписка процедура	
Мултидисциплинарен приод кон решавање на проблемите и користење на соодветните организации и сервиси	
Ги познава законските и етичките принципи	
Да Сошие рана	
Направи преврска	
Одреди Глазгов кома скала Одреди траума скор	
Воспостави и.в линија	
Постави назогастрична сонда	
Постави уринарен катетер	

Ургентни состојби: знаења, вештини и ставови	
Акутна диспнеа	
Колабиран пациент	
Губиток на свест	
Градна болка	
Траума	

Анафилакса	
Гастроинтестинално крварење	
Акутен абдомен	
Анална фисура	
Хемороидално крварење	
Хернија (ингвинална умбиликална)	
Перитонит	
Пнеумоторакс	
Пулмонален едем	
Шок	
Акутна ретенција на урина	
Акутен скротум	
Дијабетична кетоацидоза	
хипогликемија	
Интоксикација	
Гушење од туѓо тело	
Електрични повреди	
Акутно отечен зглоб	
Мозочен удар	
Транзиторна исхемична атака	
Епилептичен напад	
Кома	
Акутно нарушување на видот	
Траума на око	
Пациент со траума	
Лацерација	
Пациент со тешка изгореница	
Фрактура	
Изчашување/дислокација	
Рана /превенција од тетанус	
Дренажа на абцес	
Реанимација на дете	
Реанимација на возрасен	

5. СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА 2 – 6 МЕСЕЦИ

Ова ќе се реализира со акредитирани ментори и ќе подразбира целосна работа со обучувачи во амбуланта по општа медицина, со неколку курсеви од „day release“ програмата.
Во тек на овие 6 месеци од специјализантот се очекува да се вклучи во водење на пациенти со хронични болести, со проблеми од ментално здравје и палијативна нега. За таа цел на специјализантот треба да му се доделат пациенти кои ќе ги води во тек на овие 6 месеци: 10 пациенти со артериска хипертензија, 10 пациенти со хронична белодробна болест, 10 пациенти со дијабет, 5 пациенти со ревматски проблеми, 5 пациенти со проблеми од ментално здравје (неурози, депресија, деменција) 3 пациенти со малигна болест, 3 пациенти со зависност (алкохол/дрога)

Одговорни едукатори и амбуланти за едукација:

Одлуката кога да се реализираат курсевите зависи од практичните можности, но потребно е да се посветат минимум два дена по тема. Курсевите ќе бидат организирани во Центарот за КМЕ под водството на обучувачи или други наставници. Овие курсеви ќе ги опфатат следниве теми:

Месец	**Активности**			
Месец 1	Модул 1 Домашна посета		Модул 2 Препишување лекови кај стари	
Месец 2	Модул 3 Семејство		Модул 4 Здравствена промоција	
Месец 3	Модул 5 Тимска работа		Модул 6 Упати	Модул 7 Боледување
Месец 4	Модул 8 Родово здравје		Модул 9 Медицинска антропологија	
Месец 5	Модул 10 Семејно насилство		Модул 11 Советување во врска со промени во однесувањето	Модул 14 Терминална нега
Месец 6	Модул12 Стари лица	Модул 13 Медицински грешки	Презентација на семинарски	ОСЦЕ/Адит/

Клинички вештини:

- И.В инекции
- КПР возрасни
- Неуролошки преглед
- ЕКГ
- Обработка на рани/преврски
- катетеризација на бешика
- поставување на назогастрична сонда

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)
Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Анамнеза и физикален преглед	
препознавање на сериозни клинички знаци	
Ги открие проблемите со земање на соодветна анамнеза и клинички преглед врзани со следните подрачја: исхрана/усна празнина, подвижност, малнутриција, сетила (вид, слух), инконтиненција	
Проценка на состојбата на исхранетост и хидрација	
Совет за исхрана соодветно на возраста	
Направи преглед на менталниот статус на пациентот	
Го процени степенот на итноста и да го упати во болница	
Назначува соодветни иследувања	
толкува лабораториски резултати и други иследувања	
Препишува лекови во форма која одговара на повозрасниот пациент	
Знаење на постоечки служби во грижа на повозрасни пациенти (мултидисциплинарни тимови)	
Ги идентификува и препознае знаците на физичка и ментална злоупотреба	
Направи соодветен план за водење на пациентот и план за иследувања кој ги зема во предвид трошковно-ефикасно и риск-бенефит	
Го процени квалитетот на животот користејќи ги принципите на пристап кон пациент во центар	
Користи соодветни Комуникациски вештини	
Водење на медицинска докумнетација	
Го подготви пациентот за дијагностичка и тераписка процедура	
Ги познава законските и етичките принципи	

Хронични болести: знања и вештини за водење	
Артериска хипертензија	
Хронична белодробна болест	
Дијабетес мелитус	
Ревматски проблеми	
Коронарна артериска болест	
хиперлипидемија	
Тироидни болести	
Пептичен улкус	
аритмии	
Цироза	
Хепатоспленомегалија	
Реуматоиден артрит	
Антикоагулантна терапија	
Деменција	
Мозочен инсулт	
Паркинсон ова болест	
епилепсија	
Главоболка	

Проблеми од ментално здравје: знања и вештини за водење	
Зависност од алкохол/дрога	
депресија	
Симулација	
Дисимулација (душевно болен делумно критичен кој ги крие своите тегоби за да се покаже здрав)	
Палијативна нега: знања и вештини за водење	
Пациенти со малигна болест	
Контрола на болка	
Анксиозност/паника	
Хиперкалцемија	
Панцитопенија	

6. ВТОРА БОЛНИЧКА КОМПОНЕНТА

Втора болничка компонента ќе се спроведува во универзитетски болници и акредитирани интернистички одделенија и амбуланти:

Структурата може да се види на следнава табела.

Табела 5: Структура на втората болничка компонента:

Компонента	**Времетраење**
Акушерство и гинекологија	4 месеци
Инфективни болести	2 месеци
психијатрија	1 месеци
Офталмологија	2 недели
Ортопедија	2 недели
ОРЛ	2 недели
Палијативна нега	2 недели
Вкупно	**9 месеци**

6.1 ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО 4 МЕСЕЦИ

Види 2.3.

Месец	**Неделен курс**			
Месец 1/2	Модул 1 Гинеколошки проблеми	Модул 2 Гинеколошки проблеми	Модул 3 Ургентни состојби	Модул 4 Ургентни состојби
Месец 3/4	Модул 5 Пренатална грижа	Модул 6 Породување	Модул 7 новородено	ОСЦЕ

2 месец ќе помине на гинекологија а 2 месец на акушерство каде ќе треба да направи:

- гинеколошки прегледи x20
- земање Папаниколау брисеви x20
- совет за контрацепција x10
- совет за хормонзаместитена терапија x5
- антенатална грижа кја нормална бремена жена x20

Во тој период треба да помине и 2 недели на неонатолошко одделение каде ќе се запознае со:

- одредување на Апгар скор x5
- Базична нега на новородено x5
- Совет за Доење x10
- Раст и развој во првиот месец
- Најчести проблеми во новороденечкиот период
- Физиолошка жолтица

6.2. ИНФЕКТОЛОГИЈА И ТБЦ 2 МЕСЕЦИ АМБУЛАНТА

Знаења, вештини и ставови во инфектологија (земено од курикулум)

Ги идентификува честите инфективни болести како и на инфективните болести важни во светски размери

Рано да ги препознае сериозните клинички знаците

Направи диференцијална дијагноза со назначување на соодветно иследување и физикален преглед

толкува лабораториски резултати и други иследувања

Направи план за водење на пациентот во зависност од јачината, возраста и рационално препишување

Направи диференцијална дијагноза кај фебрилен пациент

Го процени степенот на итноста и да го упати во болница

Принципи на безбедно ракување со примероци од крв и инфективен материјал

Даде соодветна едукација на пациентот

Обезбедува заштита од инфекција на другите, вклучувајќи ги роднинит-е и професионалниот персонал

Му ја објасни на пациентот природата и водењето на болеста, како и влијанието на болеста врз медицинскиот, социалниот и професионалниот живот

Турнусот се обавува на Клиника за инфективни болести и на инфективни одделенија. Во тек на турнусот специјализантот обавезно треба да помине 1 недела Оддел за Сида и 1 недела во диспанзер за ТБЦ.

Теми за дискусија во амбуланта со едукатор

- мононуклеоза
- варичела
- Алиментарна интоксикација
- Менингит
- Бруцелоза
- Хелминтијази
- Дијареа
- Инфекции на респираторен тракт

Клинички вештини:

Преглед на урина x10

Земање на брисеви x10

Невролошки преглед x10

Рентгенгрефии x10

Недели/ Клиника за инфективни болести	Понеделник	Вторник	Среда	Четврток	Петок
1.одд за осипни инфекции	Морбили, рубелла, егзантема субитум	Варицела, херпес зостер	Мононуклеозен синдром	Рикециози, борелиози	Модул1 Осипни инвекции,
2.хепатолошки одд	Акутни хепатити	Хронични хепатити	Дијагноза на хепатитиси	Имунизација	Модул 2 хепатити
3. одд за цревни инфекции	Алиментарни токсоинфекции	Бактериски диареи	Вирусни диареи	Хелминтијази	Модул3 Дијареа
4 одд за фебрилни состојби	Бруцелоза - акутни форми	Бруцелоза - рецидиви	Ехинокок	Кала азар	Модул 4 Бруцелоза, ехинокок
5 одд за респираторниинфекции	Ангини	Бактериски пневмонии	Атипични пневмонии	Грип	Модул 5 Респираторни инфекции
6 одд за инфекции на централниот нервен систем	Пурулентни менингити	Серозни менингити	Рационално препишување на антибиотици	Рационално препишување на антибиотици	Модул 6 Менингити и рационално препишување на антибиотици
7 одд за сида	Оддел за сида - AIDS				Модул 7 СИДА
8 Институт/ диспанзер за ТБЦ	Диспанзер за туберкулоза				Модул 8 ТБЦ
9	Семинарски трудови / ОСЦЕ/аудит				

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)

Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Анамнеза и физикален преглед	
препознавање на сериозни клинички знаци	
Ги идентификува честите инфективни болести како и на инфективните болести важни во светски размери	
Проценка на состојбата на исхранетост и хидрација	
имунизација	
Го процени степенот на итноста и да го упати во болница	
Назначува соодветни иследувања	
толкува лабораториски резултати и други иследувања	
Рационално препишува соодветна терапија	
Знаење на постоечки служби во грижа на инфективни заболувања (мултидисциплинарни тимови)	
спроведува принципи на безбедно ракување со примероци од крв и инфективен материјал	
Ги објасни на јасен и разбирлив начин проблемите и планот за водење на болеста	
Го едуцира пациентот	
Обезбедува заштита од инфекција на другите, вклучувајќи ги роднините и професионалниот персонал	
Водење на медицинска докумнетација	

чести и важни состојби: знања и вештини за водење	
Инфекции на уринарен тракт	
Инфекции на респираторен тракт	
Стрептококна инфекција	
морбили	
варицела	
мононуклеоза	
Херпес симплекс инф.	
Херпес зостер	
Каснување	
Убод од Крлеж	
Фебрилна состојба	
хелминтијаза	
Пролив	
Алиментарна интоксикација	
орхоепидидимитис	
Каснување (профилакса)	

Свесност за болести од интерес	
менингит	
ХИВ	
хепатити	
ТБЦ	
бруцелоза	
ехинокок	

6.3 ПСИХИЈАТРИЈА

Турнусот трае 4 недели на Клиника за психијатрија.

МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ-ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Знаење

Докторот ќе може да ги наведе:

Причините за психолошкиот стрес кои се среќаваат во ПЗЗ

Нормалните психолошки реакции на животните настани

Наведе дијагностичките критериуми за честите и мајорните ментални здравствени проблеми (ICD 10 ICPS)

Наведе ризик факторите за самоубиство

Наведе важечките препорачани третмани (фармаколошки и нефармаколошки)

Наведе важечките законски прописи

Наведе критериумите за оценка на работната способност

Практични вештини

Докторот ќе може да:

Направи преглед на менталниот статус на пациентот вклушувајќи ја и проценката за ризикот од самоубиство

Направи фокусиран неуролошки преглед

Прави разлика помеѓу психолошкиот стрес и психијатриските болести

Иницијално да го третира пациентот во случај на итна акутна психотишна состојба

Направи план за водење на пациентот земајќи ги предвид принципите на рационално препишување и желбите на пациентот

Комуникациски вештини

Докторот ќе може да:

Демонстрира емпатиски пристап, како и проценка на ризикот од самоубиство

Ја објасни на пациентот и на роднините природата на болеста, планот за водење на пациентот (вклучувајќи го и медикаментозниот третман) и следењето на болеста

Комуницира ефективно со членовите на мултидисциплинарниот тим, вклучувајќи ги психијатрите

Одговори убедливо на барањата од пациентите за несоодветно препишување на лекови

Демонстрира способност да го модифицира несоодветното барање на помош од страна на пациентите

Ставови

Докторот ќе ги земе предвид:

Вреднувањето на релацијата со пациентот во контекс на “докторот како лек”

Потребата од вреднување на другите членови на мултидисциплинарниот тим кои можат да придонесат во проценката и водењето на пациентот

Социјалните последици и стравови на пациентите, роднините и општеството

Етничките и културолошките

појави на менталните болести

МАЈОРНИ ПСИХОЗИ

Знаење

Докторот ќе може да ги наведе:

Симптомите на влошување и релапс на болеста

Важечките протоколи за мониторирање на третманот (медикаментите)

Интеракциите и несаканите дејства од најчесто употребуваните антипсихотични лекови

Практични клинички вештини

Докторот ќе може да го:

Интерпретира и да го направи соодветниот план за водење на пациентот при неговото тераписко мониторирање

Препознае влошувањето или релапсот на основната болест

Комуникациски вештини

Докторот ќе може да:

Разговара со фамилијата со или без присуство на пациентот

НЕУРОЗИ

(Анксиозност, Неуротска депресија, Панични реакции, Фобии, Дисоцијативни, Конверзивни неурози, Трауматски стрес, Нарушувања на сонот, Психосоматски болести, Хипохондрија)

Знаење

Докторот ќе може да ги наведе:

Најчестите неурози кои се среќаваат во ПЗЗ

Расположливите техники за бихејвиоралните или другите психолошки интервенции

Алтернативните третмани на бензодијазепините

Практични клинички вештини

Докторот ќе може да:

Разликува неуроза од органските болести

Формулира соодветна дијагноза и да продуцира план за водење на пациентот

КОГНИТИВНИ ПОРЕМЕТУВАЊА

Знаење

Докторот ќе може да ги наведе:

- Медицинските и социјалните служби кои се на располагање
- Диференцијалните дијагнози вклучувајќи ги физичките, психолошките и социјалните причини на пореметувањето

Практични вештини

Докторот ќе може да:

- Го идентификува степенот на когнитивната функција соодветна на возраста на пациентот
- Направи фокусиран неуролошки преглед
- Направи диференцијална дијагноза

Комуникациски вештини

Докторот ќе може да:

- Даде соодветна информација на роднините на пациентот во однос на прогнозата и водење на пациентот
- Комуницира со другите членови на мултидисциплинарниот тим (психолог)

Ставови

Докторот ќе ги земе во предвид:

- Оптсовареноста на фамилијата со која се соочува фамилијата во грижата за овие пациенти

АЛКОХОЛ И ЗЛОУПОТРЕБА НА СУПСТАНЦИИ

Знаење

Докторот ќе може да ги:

Наведе дијагностичките критериуми

Наведе физичките, психолошките и социјалните манифестации кои се јавуваат особено во раната фаза

Наведе достапните установи

Наведе важечките закони и законски процедури

Наведе супстанциите кои се во тренд при злоупотреба и да ги знае нивните популарни имиња

Наведе заболувањата кои се често асоцирани со алкохолизмот

Практични клинички вештини

Докторот ќе може да:

Ја препознае злоупотребата на алкохолот особено во раниот стадиум

Продуцира план за водење на пациентот земајќи го во предвид степенот на зависноста и злоупотребата

Го препознае и иницијално да го започне третманот на акутниот апстиненцијален синдром

Го упати пациентот во установите/сервисите според важечките соодветни и прифатливи стандарди

Комуникациски вештини

Докторот ќе може да:

Ги употреби техниките на мотивациско интервју кои вклучуваат во себе пристапот на циклус на промени

Ставови

Докторот ќе ги земе во предвид:

Сопствените предрасуди

ПСОХОСЕКСУАЛНИ ПРОБЛЕМИ

Знаење

Докторот ќе може да ги:

Наведе придонесите на физичките, психолошките и социјалните фактори значајни за сексуалниот живот

Наведе важечките фармаколошки и нефармаколошки третмани за сексуалните дисфункции, како и индикациите и контраиндикациите

Наведе честите презентации и причини за психосексуалните проблеми

Практични клинички вештини

Докторот ќе може да:

Земе соодветна анамнеза за да ги идентификува физичките, психолошките, социјалните и културолошките аспекти

Продуцира план за водење на пациентот вклучувајќи го и физикалниот преглед

Комуникациски вештини

Докторот ќе може да:

Ја модифицира комуникацијата земајќи ја во предвид чувствителната/приватната природа на проблемот

Направи консултација при која тежиштето на решавањето на проблемот се пренесува на двојката

Ставови

Докторот ќе ги земе во предвид:

Варијациите на сексуалниот живот

Сопствените предрасуди

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)
Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Да го препознае ризикот од самоубиство и потенцијална опасност за оклината	
Да препознае акутни психотични состојби	
Да ги третира честите невротски состојби	
Рационално препишување на лекови, избегнувајќи несоодветна употреба на психотропни лекови	
Да биде запознает со Немедикаментозни третмани	
Да ја процени компетенцијата на пациентот да даде согласност на информиран пациент	
Прави разлика помеѓу психолошкиот стрес и психијатриските болести	
Иницијален третман на акутни психолошки состојби	
Ја објасни на пациентот и на роднините природата на болеста, планот за водење на пациентот (вклучувајќи го и медикаментозниот третман) и следењето на болеста	
Анамнеза и физикален преглед	
препознавање на сериозни клинички знаци	
Направи преглед на менталниот статус на пациентот	
Го процени степенот на итноста и да го упати во болница	
Назначува соодветни иследувања	
толкува лабораториски резултати и други иследувања	
Препишува лекови во форма која одговара на повозрасниот пациент	
Знаење на постоечки служби во грижа на пациенти (мултидисциплинарни тимови)	
Ги идентификува и препознае знаците на физичка и ментална злоупотреба	
Направи соодветен план за водење на пациентот и план за иследувања кој ги зема во предвид трошковно-ефикасно и риск-бенефит	
Го процени квалитетот на животот користејќи ги принципите на пристап кон пациент во центар	
мултидисциплинарен приод во менеџирање на долготрајно нарушување постојано пратење на несакани ефекти од лек и интерреакциите на лекови, особено кај стари	

Проблеми од ментално здравје: знања и вештини за водење	
Анксиозност	
Неуротска депресија	
Панични реакции	
Фобии	
Дисоцијативни конверзивни неурози	
Слабост, палпитации, парестезии	
Пореметување на јадење	
Трауматски стрес	
Нарушување на сонот	
Психосомаски болести	
хипохондрија	
Злоупотреба на алкохол	
Злоупотреба на субстанци	
Психосексуални проблеми	
деменција	

Ургентни состојби	
Предозираност	
Суицидална депресија	
Акутна главоболка	
Делириум	
Психоза	
Панична атака	
Агресивен, насилен пациент	

6.5 ОЧНО ТУРНУС

Времетраење 2 недели
Клиника за очни болести

Знаење

Докторот ќе може да ги:

- Наведе честите и значајните видови на повреди на окото
- Наведе најчестите причини на ненадејно нарушување на видот
- Наведе клиничките знаци на орбитален целулит и компликации
- Важечките дијагностички критериуми за блефаритис/коњуктивитис
- Важечкиот препорачан третман за блефаритис/коњуктивитис
- Критериумите за упатување на специјалист
- Важечките дијагностички критериуми за причините и третман на црвено око
- Важечките дијагностички критериуми за катаракта и глауком
- Важечкиот препорачан третман за катаракта и глауком

Практични клинички вештини

Докторот ќе може да:

- Земе соодветна анамнеза
- Направи соодветен очен преглед и оштрина на вид
- Разликува мајорна од минорна траума на окото
- Отстрани страно тело од око
- Продуцира план за водење на пациентот со очна траума
- Направи проценка на екстензитетот на нарушувањето на видот
- Направи разлика помеѓу транзиторното и трајното нарушување на видот
- Направи диференцијална дијагноза со назначување на соодветно иследување
- Ги идентификува клинички значајните форми
- Направи план за водење
- Примени локален третман

Теми за дискусија со едукатор:

- Катаракта
- Орбитален целулит
- Рефрактерни аномалии/ контактни леќи

За целото време на турнусот специјализантот ќе присуствува на еднодневен неделниот курс кој ќе се одржува секој петок во Центарот за едукација за кој е ослободен од работа (т.н. „day release”).

Модули:

- Акутни состојби
- Инфекции

Практични вештини:

- Офталмоскопски преглед x10
- Тест на визуелна функција x10
- Откривање на рефрактерни аномалии x10
- Грижа за контактини леќи x5
- Локална апликација на лекови x10
- Отстранување на страно тело x5

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)
Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Очна траума	
Страно тело	
Ненадејно нарушување на видот	
Повреда на корнеа	
Катаракта	
глауком	
Орбитален целулитис	
Блефаритис/коњуктивитис	
халазион	
Црвено око	
Ентропион, ектропион	
Суво око	
Корнеални улцери и кератит	
Страбизам	
Миопија, хиперметропија, астигматизам	

6.6. УШНО МОДУЛ - 2 НЕДЕЛИ

Времетраење – 2 недели
Клиника за уво нос и грло

Знаење

Докторот ќе може да ги:

- Наведе најчестите причини за епистакса
- Наведе критериумите за испраќање на специјалист
- Важечките дијагностички критериуми за најчестите типови на алергиски ринит
- Важечките упатства за алергиски ринит
- Најчести причини за оталгија и вертиго

Практични клинички вештини

Докторот ќе може да:

- Примени надворешен притисок на местото на крвавење
- Отстрани страно тело од нос, уво
- Продуцира план за водење на пациентот
- Изведе соодветен физикален преглед
- Направи диференцијална дијагноза со назначување на соодветно иследување
- Ги идентификува клинички значајните форми
- Направи план за водење на пациентот според возраста

За целото време на турнусот специјализантот ќе присуствува на еднодневен неделниот курс кој ќе се одржува секој петок во Центарот за едукација за кој е ослободен од работа (т.н. „day release").

Модули:

- Алергиски ринит и инфекции
- Акутни состојби

Клинички вештини:

- Отоскоп x10
- Миење на надворешен ушен канал x10
- Тест за проценка на слух x5
- Иследување на нос x5
- Тампонада на нос x5
- Отстранување на страно тело x5

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)
Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

Епистакса	
Оталгија	
Тинитус	
вертиго	
страно тело во нос, уво	
алергиски ринит	
назален полип	
инфекции (отит, синусит)	
перитонзиларен абцес	
аденоидни вегетации	
индикации за тонзилектомија	
дизфункција на еустахиева туба	
промукнатост	
дисфагија	
Белл-ова парализа	
Сиаладенит	
Фрактура на нос	
Девијација на септум наси	
Циста на тироглосалнен канал	

6.7. ОРТОПЕДИЈА 2 НЕДЕЛИ

Знаења
Докторот ќе може да ги наведе:

- Важечките дијагностички критериуми
- Факторите на ризик
- Важечкиот препорачан третман
- Критериумите за упатување на специјалист
- Постоечките ортопедски помагала

Практични вештини
Докторот ќе може да:

- Изведе соодветен физикален преглед
- Направи диференцијална дијагноза со назначување на соодветно иследување
- Ги идентификува кличнички значајните форми
- Направи план за водење на пациентот
- Го следи спроведувањето на долготрајна терапија

Комуникациски вештини
Докторот ќе може да:

- Го едуцира пациентот давајќи му совети за животните навики
- Му ја објасни на пациентот и на фамилијата прирорадата, водењето, лекувањето и следењето на болеста
- Го едуцира пациентот за несаканите ефекти од НСАИЛ
- Комуницира ефективно со другите членови на мултидисциплинарниот тим
- Го едуцира пациентот за соодветна употреба на испитувањата
- Му објасни на пациентот за лекување без лекови

Ставови
Докторот ќе земе предвид:

- Проблемите на пациентот во менување на животните навики
- Притисокот од пациентот за несоодветни испитувања
- Високата преваленца од несакани ефекти од лековите
- Ограничувањата на лекарот од ПЗЗ
- Влијанието на болеста врз професионалните и социални активности

За целото време на турнусот специјализантот ќе присуствува на еднодневен неделниот курс кој ќе се одржува секој петок во Центарот за едукација за кој е ослободен од работа (т.н. „day release”).

Клинички вештини:

- Преглед на мускулоскелетен систем x10
- Интраартикуларна инекција и дренажа x5
- Интерпретација на рентгенграфии x10

Прашалник за самооценување 1 (пополнува специјализанит)
Цел на овој прашалник е идентификување на области кои се тешки/слабо совладани од страна на специјализантот во тек на специјализацијата

А - висок степен на разбирање, сигурен во водење и третирање на состојбата
Б - прифатливо ниво на разбирање, релативно сигурен во водење и третирање на состојбата
Ц - недоволно знаење, не сигурен во водење и третирање

деформитети	
Сколиоза кифоза	
Дизплазија на колкови кај доенче	
Рамни стапала	
акутен отечен зглоб	
проблеми со рамен зглоб	
вратна болка	
долногрбна болка	
остеоартритис	
остеопороза	
дислокација	
фрактура на коска	

6.8. ПАЛИЈАТИВНА НЕГА 2 НЕДЕЛИ

Специјализантот во текот на 2 недели ќе помине на одделение за терминална нега (Сју Рајдер/Геријатрија). Таму ќе се стекне со следниве:

Знаење

Докторот ќе може да ги наведе:

Важечките дијагностички критериуми за најчестите симптоми во палијативната-терминалната нега, како на пр. диспнеа, гадење и повраќање, констипација, хиперкалцемија

Психосоцијалните фактори кои се асоцирани со палијативната-терминалната нега

Видовите на психолошки одговор при соопштувањето на лошите вести или при умирањето

Расположливите симптоматски фармаколошки и нефармаколошки третмани

Критериумите за упатување на специјалист

Важечката законска регулатива за давањето на информации на пациентот и фамилијата

Практични вештини

Докторот ќе може да:

Избере соодветни иследувања за да ја пронајде причината за појава на симптомите

Ги препознае асоцираната загриженост и депресија

Го процени квалитетот на животот користејќи ги принципите на пристап кон пациент во центар

Направи план за водење на пациентот (итен и долгорочен)

Ги препознае знаците на булбарна парализа и да постави назогастрична сонда

Комуникациски вештини

Докторот ќе може да:

Му објасни на пациентот и фамилијата за природата на заболувањето, водењето, терапијата и следењето на болеста

Ги открива ставовите и верувањата на пациентот со цел да ги идентификува и менува погрешните начини на кои пациентот се справува со својот проблем

Ги соопшти лошите вести користејќи емпатиски пристап

Комуницира ефективно со фамилјата да ги намалува несогласувањата, во согласност со легислативата Комуницира ефективно со мултидисциплинарниот тим

Ставови

Докторот ќе ги земе предвид:

Ограничувањата на докторот во рамките на ПЗЗ, како технички, така и психолошки

Психосоцијалното влијание врз пациентот и фамилијата

Деморализирачките аспекти кога се третираат пациенти во терминална фаза, а при тоа да се задржи оптимизмот

Целта на палијативната нега која е да се обезбеди најдобар можен квалитет на живот, што можеби е понекогаш во спротивност со квантитетот на животот (должината на животниот век)

Модул:

Терминално болен пациент
Кажување на лоши вести

7. СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА 3

Овој дел од обуката има за цел да го подготви специјализантот за завршниот испит. Специјализантот ќе го помине ова време од 3 месец во ординација со едукатор. На почетокот од оваа ротација, специјализантот ќе изготви личен план за учење заедно со едукаторот. Врз основа на овој план, специјализантот ќе направи избор помеѓу различните опции за учење (на пр. курсеви, семинари, болничка обука, индивидуално учење). Сето ова ќе биде флексибилно така што специјализантот да може да ги задоволи своите потреби.